| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Другарство |
| **Содржина на денот** | Јас и моите другарчиња |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема: „Зошто и како треба да одржувам растојание со другарот во градинката“.<br>Разговор на тема: „Како да се заштитам себе си и другите околу мене“. |
| **Активности** | -Разговор на тема „Што значи да се биде добар другар“.<br>Родителот треба да му даде простор на детето да размисли што значи да бидеш добар, а што да бидеш лош другар. Потоа детето со помош на родителот треба да сподели кои се карактеристиките на добриот другар, а какви на лошиот.<br>- Игри со асоцијација „Препознај го другарчето“.<br>Родителот ќе се обиде да го опише физичкиот изглед и основните карактеристики на другарчето од градинка или од паркот, а детето да се обиде да погоди за кој другар станува збор.<br>Детето може да се обиде да го опише својот најдобар другар од градинката или паркот, да го каже неговото име, но и да се поттикне да каже зошто му е баш тоа дете најдобар другар.<br>- За крај користејќи и разгледувајќи ги сликите од воспитната група од разноразни активности и прослави (каде детето ќе може да се потсети на сите другари од градинка), детето да се обиде да го нацрта својот најдобар другар. |